меѓу војските на Скодра паша и на Турската влада, дава податоци за преземените мерки за нормално одвивање на трговијата[29]). Во врска со тоа Карафејзо издал наредба до воените и полициските власти за заштита на карваните. И покрај преземените мерки, патот преку Ниш бил прекинат и за долго време односно до кога траела кризата, предизвикана од Скодра паша, сообраќајот се одвивал преку Видин[30]).

Исто така, многу лошо се одрази на македонската трговија наредбата на Султанот и Кнез Милош, со која се ограничувал износот во Босна во 1831 година. Гонењето на Босанците во Белград за извесен период ги прекинал деловните врски меѓу Македонците и Босанските трговци[31])

*Д. Мире*

## КАРПОШЕВОТО ВОСТАНИЕ

(Краток осврт на настаните сврзани за ова востание)

Желбите на македонскиот народ за слобода, и покрај неговата готовност за борба, не се излеале во отворено востание од поголеми рамки, за што ни зборуваат и настаните од крајот на XVI и почетокот на XVII век. Меѓутоа, кон крајот на XVII век, кога положбата на нашето население станала речиси неможна, поради извонредно големите и неиздржливи намети од страна на турските аги и бегови, како и поради недостигот на никаква правна сигурност и заштита, особено по разгромот кај Виена и брзото губење на огромни територии на Балканот, незадоволството на нашето население се излеало во отворен отпор, најнапред во масовно одметнување во ајдути, а подоцна и во бунтови и востанија од пошироки рамки, што ја влошиле и онака лошата положба на турската држава.

Како непосреден повод за кревање на востанието е општото безвластие и општата несигурност што владеела во Турција, а како последица на големите разгроми на турската војска на сите фронтови, како и престолните борби во Цариград во кои се заплела и војската. По големиот разгром на турската војска кај Мохач (1687) и нивното протерување од Унгарија, како и по турските неуспеси во Мореја во борбата со Венеција, турската држава загубила големи територии, државната благајна сосема се испразнила, снабдувањето на војската било особено отежнато, та настанала глад во војската, а исплатите сосема престанале. Сето ова било причина и во војската да настане полно безвластие. Еден добар дел од војската ги напуштал борбените позиции на фронтот и плачкосувајќи пустошејќи и убивајќи пристигнал во Цариград каде што, потпомогнати од некои цариградски паши, го симнале од престолот Султан Мехмед IV (1687 година). За нов султан бил прогласен Сулејман

[29]) ibid лист: 101—102.

[30]) ibid лист: 120.

[31]) ibid лист: 112.

II, брат на детронираниот султан, кој пред тоа бил на заточение во Сирија. Султан Сулејман и неговите соработници, и покрај нивната најдобра волја да ја смират состојбата и да воведат некаков ред во престолнината и државата, не успеале во тоа од повеќе причини, а најповеќе по причина што немале доволно предана војска за борба против побунетата војска и што немале потребни финансиски средства за плати на војската. Поради тоа безвластието продолжило и бунтовниците станале единствени и полни господари во претстолнината, ја зеле сета власт во свои раце и на функцијата на големиот везир поставиле еден прост и неспособен спахија од своите редови.

Во ваква безизлезна ситуација, населението во Цариград се кренало на оружје против побунетата војска и под водството на еснафските организации организирало 20.000 војници со кои ги разбиле побунетите јаничари, отепале околу 6.000 јаничари, ја зазеле власта и за еден месец воспоставиле ред и поредок во престолнината, откако го прогласиле за царски наместник некој си Мустафа.

Оваа несигурна состојба сакал да ја искористи за остварување на своите нечисти планови Јеген Осман паша, румелиски бегрел-бег и командант на еден дел од турската војска спрема Сава и Дунав.

За разгромите на турската војска и губитокот на крајдунавските градови бил обвинет Јеген паша и прогласен за предавник, поради што е ставен вон законот, издадена е наредба да се убие, а неговата војска да се растури. На оваа Султанова одлука не се покорил Јеген паша и решил со сила да се спротивстави. За своја база ја избрал Софија, но бидејќи неговиот план не успеал, побарал заштита кај својот пријател во Охрид, но тука бил предаден, фатен и убиен. За време на овие и уште други пресметувања и безредија особено страдало незаштитеното цивилно население. Тоа било изложено на семожни понижувања, пљачкосувања и слично на тоа. Новите давачки за задоволување потребите на државата и војската ја дотепале рајата и ја фрлиле во очајна мизерија: „Сите се наоѓале во смртна опасност" — пишува софискиот митрополит Стефан Кнежев. При ваква состојба, на македонското население не му преостанало ништо друго освен со оружје да ја брани својата чест, домот и голиот живот. Овие отворени бунтови и востанија ја зафатиле речиси целата Северна Македонија. Главниот центар на незадоволството и отворениот револт бил Кратовско-Кривопаланечко-Кумановскиот крај.

Оваа област била една од напредните области не само во Македонија, туку и на целиот Балкан. Уште од римското време, па и подоцна, а особено од крајот на XIII и во XIV век, откога дошле саските рудари кои ги разработиле кратовско-кривопаланечките рудници со што оваа област станала силно напредна и богата. Со доаѓањето на Сасите почнало усилено ископување на железо, олово, сребро, злато и други подземни богатства. Месната топонимија и трагите ни говорат најречито за развитокот на оваа стопанска гранка на еден широк фронт. Целото Осогово било на ударот на овие претприемливи рудари. Овие големи ископувања биле важна база за развитокот на занаетите и трговијата. Кратово, Злетово и Крива Паланка станале развиени производни центри на занаетчиски производни не само за локалните потреби, туку и за

поширокиот пазар. Особено во голем производен центар израснало Кратово, во кое се произведувале разни алати, како мотики, српови, потковици, шајки, садови за пијалок, легени, свеќници и разни други видови железни предмети, неопходни за потребите на населението и за трговијата. Едно време била развиена и изработката на разно оружје. Постоела и пушкарница во која се преработувало олово. Воопшто, производството, иако организирано на примитивен начин, и со примитивни производни средства, особено се развило и далеку ги надминало потребите на населението на тој крај. Вишокот на занаетчиските производи послужил како важен извозен трговски артикал што имал многу добар пласман на пазарите на целиот Балкански Полуостров. Се развила жива трговија, која од друга страна давала инпулс рударството и занаечиството да се развијат уште повеќе. Во ова време, според кажувањето на Евлија Челебија, кратовската чаршија имала околу 350 дуќани, а најубава била казанџиската чаршија.

Ваквиот напредок на рударството, занаетчиското производство и трговијата условил правење на пари. Ковница за пари постоела во Кратово уште во времето на цар Душан, а таа ја нашол и Хаџи Калфа, кога минувал низ Кратово. Во оваа ковница правеле пари деспот Јован Оливер, а подоцна и браќата Дејановиќи. Овој напредок се развивал ненамалено сé до доаѓањето на Турците во нашите краишта. Со доаѓањето на Турците е успорен понатамошниот развиток на рударството, како и на другите дејности, но не може да се рече дека е и прекинат. Во првиот, релативно помирен период, и рударството има извесни услови за развиток. Треба да се биде начисто со тоа дека Турците во почетокот правилно го оцениле економското значење на рударството и дека создале прилично добри услови за неговиот развиток. Во почетокот, и секогаш кога централната власт била доволно силна, му обрнувала доволно внимание на развојот на рударството и од тоа имала добри приходи.

Поради важните приходи што ги имала државата од рударството, во почетокот рудниците биле во државна експлатација и населението ангажирано на работа во рудниците се користело со извесни привилегии, било ослободено од плаќањето на разни давачки, какви што плаќало другото население. Како последица на ваквата политика, рударството и занаетите во врска со рударството имале услови за живеење. Ваква состојба, главно, имаме во XV, XVI и првата половина на XVII век.

Хаџи Калфа спомнува дека во првата половина на XVII век во Кратово постоела ковница за пари — Дарбхане. И Евлија Челебија пишува дека во Кратово постоел некој стар дом во кој се наоѓала ковницата за пари, во која за времето на Мурат IV се правеле пари — драхми и динари, а се правеле и ситни округли пари — акче аспри. Едно време кратовските рудници им донесувале на турските султани годишен приход до 70.000 дукати.

Меѓутоа, оваа состојба не траела долго. Првите разгроми на турската држава биле и првите причини за опаѓањето на турската сила, авторитетот на централната власт и извор на важните безредија, злоупотреба на власта и извор на сите зла и несреќи на нашето население,

па и на самите „мадемџии". Внатрешните спротивности на Турската Империја особено дошле до израз кон средината на XVII век. Тогаш турскиот режим почнал брзо да слабее, да станува сè понасилствен и понеснослив, а со тоа му дошол до гуша на народот. На Турците им требале сè повеќе пари за задоволување на своите нараснати потреби, поради што измислувале разни давачки и тоа во пари. Особено тешко населението го засегнал данокот „кафтан акче". Пауперизацијата на населението ги зафатила сите краишта, а комплетирана со насилство на сите видови била причина за масовно бегање во ајдути. Ајдутството фатило толкави рамки што некои краишта, како Кривопаланечкиот, просто станале непреодни. Кон ваквата лоша општа состојба се надоврзува брзото пропаѓање и опаѓање на рударството, а заедно со тоа и занаетчиството и трговијата, оти сите тие гранки биле условени од развитокот на рударството. На едно место Иречек истакнува дека рударството во нашата земја во времето на Турците сè повеќе назадувало, а особено од средината на XVII век кога сосема замрело. И навистина, кон средината на XVII век во Скопје, била основана рударска управа — „Мадеми". Оваа управа им ги издавала рудниците под закуп на богати Турци. Таа се грижела да извлече што поголема закупнина, не водејќи понатаму сметка за тоа. Закупнината од година во година била се поскапа и закупниците, за да одговорат на своите обврски и да извлечат што повеќе приходи за себе, ги препродавале рудниците за многу поголеми закупи или воведувале страшен режим на експлоатација над селаните — рудари. Закупниците не сакале ни да чујат за привилегиите на селаните рудари. Привилегиите биле укинати, работното време зголемено, а исплатите сведени на минимум.

За да приберат што повеќе приход, закупниците, со поддршка на официјалната власт, пристапиле кон спроведувањето на насилно кулучење. Насилното кулучење зело широки размери, кога рударите почнале да ја напуштаат работата поради несносливите услови за работа во рудниците. Насилното кулучење ги зафатило и жените, и старците и малите деца. За да биде трагедијата уште поголема, насилството на јаничарите и на разни зулумќари и одметници се засилиле над незаштитеното македонско население. Сето тоа било причина за крајната беда, немаштина и масовното бегање во ајдути на сè она што било способно за борба, откаде им се светеле на своите непријатели. Целиот овој крај, особено неговиот планински дел, Кривопаланечко, Кратовско, Злетовско и Кумановско, бил полн со ајдути организирани во ајдутски дружини, од кои најзначајна била ајдутската дружина на ајдутскиот арамбаша Карпош. Она што е карактеристично за Карпош е тоа што тој не останал обичен ајдутски арамбаша. Тој успеал да ги обедини сите ајдути во Кумановско-Кратовско-Кривопаналанечкиот крај под своја команда и на тој начин да создаде една силна воена сила, со која можела да смета за остварување и на поголеми задачи од обичните ајдутски задачи.

Според податоците што ни ги дава познатиот официјален турски историчар Силахдар Мехмед ага, автор на „Силахдаровата историја", која го опфаќа периодот од 1564 до 1721 година, Карпош бил познат скопски мартолос, кој по разгромот на турската војска кај Виена и Мохач

се одметнал во ајдути и со група од околу 3.000 ајдути и воени дезертери загосподарил во долината на Пчиња и Крива Река и тргнал во поход на Скопје. Значи, биле на видело сите елементи на едно поголемо востание само се барал погоден момент за избувнување на востанието. Погодниот момент не задоцнел. Разгромот на турската војска кај Виена 1683 година и брзото отстапување на турската војска биле радосни предвесници за балканските народи за кревање на востание. Во Македонија востанието избувнало во нејзиниот северо-источен дел, таму каде што имало најмногу услови за тоа. На чело на востанието застанал Карпош, храбар селанец, според преданието, родом од село Војник, а со главниот штаб во село Коњух — Кратовско.

Додека австриската војска, под командата на одличниот генерал Пиколомини, ги прогонувала Турците кон југ, во Македонија под раководството на Карпош се разгорело востанието, до такви невидени рамки, што набрзо ја зафатило целата Северна Македонија, од Крива Паланка и Кратово, па се до Качаник. Центарот на востанието била Североисточна Македонија: Кривопаланечко, Кратовско, Злетовско и Пчинско. На оваа огромна територија Карпош успеал од ајдутите и побунетиот народ да создаде своја, за она време, голема војска прилично примитивно вооружена (со вили, мотики, српови, со коси и др.), што не значи дека немало и добро оружје.

Во првите судрувања и во првите напади во градовите востаниците запleниле доволно оружје, се вооружиле и тргнале во нови борби. Сега објекти за напаѓање на востаниците биле градовите: Кратово, Крива Паланка, Куманово и Злетово.

Особено големи борби се развиле околу заземањето на Кратово. Турската посада во Кратово давала жилав отпор, а кога тој бил скршен, Турците се затвориле во големиот амам (бања) и во денешната Хаџи Костова кула. Востаниците ги опколиле овие две упоришта и повеле борба за нивното освојување. Оние што се засолниле во кулата ги уништиле со дим кој избивал од огнот што горел околу кулата, а оние што се засолниле во бањата востаниците ги истепале, откако им влегле низ покривот. Оваа акција на Карпош е од огромно значење. Дејствувањето на Карпошевите востаници во тилот на редовната турска војска предизвикало безредие во турските редови. Турците почнале да остапуваат во безредие што условило брзо напредување на австриската војска. Од друга страна, и брзото навлегување на австриската војска дало одлични можности за брз развиток на востанието и за онолку големите успеси.

Брзото навлегување на австриската војска на Балканот и одличните успеси на востаниците создале одлични услови за нивното поврзување и координирање на нивните акции. Карпош побарал од австрискиот цар Леополд да го признае за кнез и да му испрати знаци на кнежевско достоинство. Царот Леополд, за да ги придобие востаниците на својата страна, со задоволство се одзвал на Карпошовото барање и му испратил „калпак (шешир), откако го прогласил за Кумановски крал.

Признавањето на —Карпош за крал од Куманово им дало на востаниците нови сили, та тие тргнале во борба кон нови победи. Додека Австријанците биеле битка за Ниш — 1689 година, Карпош успеал да

завладее со Качаник, а на север до Врање (22 октомври 1689) и уште повеќе да ја влоши и онака лошата положба на турската војска, а од друга страна да го олесни навлегувањето на австриската војска кон Скопје. Во борбите за Качаник на страната на востаниците зеле активно учество и Албанците.

По вака брзиот развиој на настаните, прашањето за паѓањето на Скопје било прашање само на време. Турците се повлекувале толку брзо што не успеале да дадат никаков отпор пред Скопје и покрај природните услови за неговата одбрана спрема север, помеѓу другото и поради дејствувањето на востаниците, кои загосподариле на целата околина околу Скопје. За да не влезат помеѓу два огна, тие брзо го напуштиле Скопје, во кое Пиколомини влегол без борба (26. X. 1689 година), освен незнатните пушкарања на Лепенец со турските аријаргардни делови.

Со заземањето на Скопје настанал мал застој во навлегувањето на австриската војска кон југ на турската држава. Застојот им бил потребен колку на Пиколомини толку и на востаниците. Потребно било да се обезбедат ослободените краишта и да се приготват за отпор против евентуалната турска офанзива, како и за нови борби. И воените сили на Пиколомини не биле доволни за продолжување на борбата. Немајќи доволно воени сили да го брани Скопје, а веројатно и поради колерата што владеела тогаш во Скопје, Пиколомини го запалил Скопје[1]), го повлекол својот главен стан во Призрен, каде што по неколку дена и умрел од колерата, а одбраната на Скопје му ја препуштил на малиот австриски гарнизон и главно на Карпоша и неговите востаници.

Времето на малата почивка Карпуш одлично го искористил за организирање на ослободената територија. Во ослободените градови поставил јаки посади од свои војници добро вооружени со запленетото оружје, а Качаник, Кр. Паланка и Куманово ги заградил со ровови, приготвувајќи ги за одбрана, додека главно внимание му посветил на реорганизирањето на војската според австрискиот образец.

Со повлекувањето на австриската војска на Косово главниот товар во одбраната на ослободените краишта на Македонија паднал на Карпоша и неговите востаници, кој, откако ја организирал одбраната, ја преуредил војската и добро ја воорулжал, тргнал во нови борби против Турците заедно со незнатни австриски сили под командата на наследникот на Пиколомини — холштајнскиот херцег Кристијан.

Скоро целиот ноември 1689 година е исполнет со офанзивни борби и напаѓања на востаниците, со делови на австриската војска, на турската линија кај Велес, Штип и Кочани.

Во овие напаѓања востаниците успеале да ги освојот Велес и Штип, но немајќи доволно сили да ги задржат, ги напуштиле откако ги запалиле. Низ целиот ноември и декември 1689 година Турците немале мир и биле

---

[1]) Евлија Челебија, познатиот турски патеписец во XVII век, во своите „Патеписи" вака го опишува Скопје кон половината на XVII век: „Скопје имаше 70 маала. 2.150 дуќани, 10.060 куќи на еден или два ката, 120 џамии, 110 чешми. Улиците му беа кардамирани со бела калдрма, на ѕидовите на Скопската тврдина имаше 70 кули, а во околината на градот имаше околу 1.000 воденици" — Според извештајот на Пиколомини Скопје броело околу 60.000 жители.

изложени на постојани напаѓања, особено од страна на востаниците, чии авангардни делови достигнале и до Демир Капија.

Овие големи разгроми на турската војска оправдано предизвикале голема вознемиреност во врвовите на турската држава. Било свикано советување на високите царски и државни првенци на кое е решено да се смени дотогашниот голем везир, и положбата на големиот везир да му се повери на Ќуприли Заде Мустафа паша, искусен организатор и добар воен раководител. Уште пред тоа, а со обѕир на огромната стратегиска важност на изгубениот Качаник за одбраната на Скопската и Ќустендилската област, на местото на победениот Махмуд паша Беговиќ, со ферман на султанот, командантот на Мореја — Коца Халил паша бил назначен за бранител на Качаничкиот крај, со задача, со војската што се наоѓала под негова команда и со арнаутските јунаци, да го очисти овој крај од востаниците и така од таа страна да се обезбеди одбраната на Скопската област.

Првата задача на новиот голем везир била да ги смири духовите, да ја среди внатрешната состојба и да ја поврати довербата кај поданиците во врховната власт. Главниот извор на воените разгроми ги гледал во слабата централна власт, самоволството на турското население и недовербата на рајата поради тешката состојба. Требало да се врати довербата кај рајата, да се смири таа и така да ја придобие за себе, во најмала рака да се смири, што би имало за крајна цел средување на внатрешните услови и слабеење на Карпошевите позиции.

Поради тоа првиот негов акт е укинувањето на неправедните давачки на рајата, како сурсад[2]), нефири ам[3]), бедели кузул[4])“ ресми хамер[5]) и арач[6]). За во иднина рајата била ослободена од сите овие даноци, со специјална наредба на големиот везир. Тој презел специјални мерки и

---

[2]) Бедели сурсад е воен данок што се разрезувал на покореното население по повод на војни походи на царската армија, а се собирал главно во натура и тоа: јачмен, брашно, чисто масло, мед, овци, волови, слама, дрва и друго, за потребите на армијата. Кога армијата преземала подолги и подалечни походи, тогај се вршела замена на данокот во натура со данок во пари и тоа: за секое кило јачмен по 40 акчиња, за едно кило брашно по 60 акчиња, за една овца 116 акчиња, за една ока масло 24 акчиња, за ока мед 15 акчиња. Од еден кадилек (околија како Битола) се барало 6000 истамбулски кила јачмен (едно истамбулско кило е еден товар), 450 кила брашно, 400 ока чисто масло, 300 ока мед и 450 грла овци.

(Султанов ферман од 1657 год. 5 ноември, сицил. бр. 15, лист 67/I, Архив на СР Македонија.

[3]) *Нефири ам* е, изгледа, мобилизациски данок оти нефир ам значи мобилизација, овој данок не се сретнува во документицијата од 17 век за Македонија со кои располага Државната архива на НРМ, од каде може да се изведе заклучок дека овој вонреден данок не се применувал на територијата на Македонија.

[4]) Бедели нузул вонреден воен данок што се земал секоја година и тоа по 600 акчиња од секоја Хана (даночна единица за вонредните даноци). Битолскиот кадилак бил поделен на 1692 хани.

(Султанов ферман од 1659 год., 5 јануар, сицил бр. 16, лист 30/III—Д. и Султанов ферман од 1669 год., 13 март, сицил бр. 20, лист 32/II — Архив на СР Македонија).

[5]) *Ресми хамер* е данок на вино.

[6]) *Ресми арак* е такса за ракија.

во смисла на правна и граѓанска заштита на рајата од разни зулуми, зулумќари и јаничарската самоволја. Во таа смисла ја засилил контролата на сите оние што го уривале редот и поредокот и кои незаконски ја мачеле рајата и строго ги казнувал. Ваквите брзи и важни економско-политички чекори набрзо донеле плод. Во земјата престанале нередите и безвластието, авторитетот на власта бил воспоставен, земјата екеномски подготвена за наредни борби со востаниците и Австријанците.

Покрај овие значајни мерки, големиот везир пристапил и кон формирање на една специјална војска, главно од платени Туркмени и Курди, за големите офанзивни акции што ги приготвувал,за пролетта 1690 година. Штом биле готови сите војнички подготовки бил свикан Крунскиот совет во Одрин, под раководството на кримскиот ханл Хаџи Џелим Гирај, а на кој присуствувале: врховниот командант Махмуд паша, истакнатите везири и ајаните на царската војска.

На состанокот основно е разгледана целата ситуација и утврден е војниот план. Во овој план точно биле определени мерките што имало да се преземат против Австријанците, востаниците и Албанците.

Особено место во дискусијата и војниот план му е дадено на Карпошевото востание, изрично подвлекувајќи ја жестокоста на борбата против Карпоша, како прва и голема опасност. Карпош бил свесен за рамките и силите на големите војнички и турски подготовки и затоа усилено се подготвувал за најглавниот мегдан. Под неговото знаме собрал огромна војска од повеќе илјади фанатични и прилично извежбани и вооружени војници. Поради тоа, иако примитивно, подигнал утврдувања (длабоки и големи ровови) околу Крива Паланка, Куманово и Качаник. Во Куманово подигнал нова тврдина, додека во Кратово и Скопје ги користел постојните кули и тврдини. Главнината на турската војска, составена од Татари, Туркмени и Курди, а под командата на кримскиот хан Гирај, го нападнала Карпош. Првите борби се воделе околу Кр. Паланка. Во овие борби, што не биле особено жестоки, Турците брзо ја совладале одбраната на градот и ја зазеле Кр. Паланка, а Карпош со преостанатите востаници се повлекол во Куманово и утврденото Манастириште — близу до Куманово. Околу Куманово и за Куманово се развиле жестоки борби и имало многу жртви и на едната и на другата страна. Секако, најсилните борби се воделе за одбраната на градот Куманово и утврденото Манастириште. Но отпорот на востаниците бил скршен од надмоќната турска војска, која успеала да ги пробие утврдените делови на градот и да го заземе градот. Околу Манастириште се развила страшна и крвава борба што траела сé додека не биле истепани или заробени бранителите на оваа тврдина. Меѓу заробените се наоѓал и самиот Карпош. Остатокот од Карпошевите востаници избегале кон Скопје каде што им се придружиле на Карпошевите востаници што биле определени за одбрана на Скопје. И за Скопје се развила жестока и и крвава борба. Главните точки околу кои се водени жестоки борби биле Стариот Град и Ајдар — баба. Овие места биле особено крвави попришта на борбата. Преданието раскажува дека овие места преминувале од раце в раце по неколкупати, просто станале вистинска касапница и за едните и за другите. Колку биле крвави обете борби најарно се гледа

и од фактот што Турците во овие борби изгубиле повеќе бимбаши — виши официри. Но и покрај жилавиот и фанатичниот отпор, востаниците биле совладани и Скопје заземено. По паѓањето на Скопје Турците го фрлиле на страшни маки заробениот Карпош, жив го набиле на кол и, според преданието, го исекле на парченца со сабјите и неговите делови ги фрлиле во Вардар.

По смртта на Карпош и паѓањето на Скопје и другите слободни градови во рацете на Турците, преживеаните востаници оставени сами на себе и без помош од Австријанците, избегале во планините или на Косово, барајќи заштита таму. Кога турската војска почнала да ја потиснува ослабената австриска војска кон север, заедно со австриската војска и со Србите од Косово и Метохија се повлекувале и голем дел Македонци под раководството на пеќскиот патријарх Арсение III Црноевиќ, за да ја одбегнат осветата од Турците поради учеството во војната против нив. Овие огромни маси Срби и Македонци преминуваат преку Сава и Дунав и се населуваат на автсриската територија во Војводина.

Турците презеле извесни чекори да ги вратат иселениците, давајќи примамливи ветувања, но не успеале во тоа.

Штотуку Турците го задушиле востанието, во дворот на австрискиот цар Леополд се појавиле Македонците Марко Клајда и Димитар Поповиќ, барајќи од австрискиот цар да издаде царско писмо за заштита на македонското население. Царот Леополд, оценувајќи го реалниот придонес на Македонците во борбата против Турците, 26 април 1690 година издал еден манифест, во кој се зема под заштита македонскиот народ. Со манифестот царот Леополд им ветил на Македонците големи привилегии по победата над Турците. Но со манифестот Македонците не биле сосема задоволни, та царот Леополд издал нов патент за Србија, Бугарија и Македонија на 31 мај 1690 година, со кој се повикуваат на оружје против Турците.

### Последиците од задушувањето на востанието

Карпошевото востание било жестоко и со крв задушено. Особено настрадале краиштата што дале најсилен отпор. Бесот на Турците бил дотолку посилен, доколку бил посилен отпорот на востаниците и народот. Најтешко поминале Кратово, Крива Паланка, Куманово и Скопје. Во борбите за овие градови изгинале најголем дел од востаниците во самата борба. Татарите и јаничарите не знаеле за граници во одмаздата. Тие, секаде каде што минале, носеле одмазда и пустош. Секаде каде што минувале, грабале, уривале, и палеле, убивале и одведувале во ропство. За да избегнат од одмаздата, еден дел од населението се повлекле со австриската војска, а друг дел ги напуштиле своите огништа и избегале во планините. Овој крај, кој дотогаш имал претежно христијански карактер, тогаш добил турски изглед.

## Значењето на Карпошевото востание и неговите основни карактеристики

Големо е значењето на Карпошевото востание во долгата и крвавата историја на нашиот народ за слобода и слободен развиток. Карпошевото востание е прво востание на селаните во Македонија од поголеми рамки, востание што ја зафатило целата Северна Македонија и кое неколку години и задавало големи маки на турската држава. Неговото значење, пред сѐ, е во тоа што уште во почетокот било поставено на една поширока основа. Тоа не бил бунт за освета, бунт од незначаен и локален карактер. Карпошевото востание било поставено и се развивало врз еден за она време поширок план. Ние не располагаме со фактички документи од тоа време за програмот на Карпош што мислел да го оствари, но имајќи ги во вид резултатите на востанието, неговите рамки, неговата организираност (формирањето на војската, утврдувањето на главните градови и организирањето на одбраната), организирањето на позадината, сето тоа говори за едно востание што се развивало врз база на еден пошироко замислен програм, а врз која база се спроведувала широка мобилизација на селаните, селаните рудари и градските сиромаси. Она што и покрај таквата организираност востанието било задушено се темели врз надмоќноста, во секој поглед, на турската држава, врз недоволната помош на востаниците од страна на Австрија во решавачките борби и врз недостигот на оние социјални квалитети, како класна свест, дисциплинираност и јасно согледување на понатамошниот развиток на односите, што биле апсолутно потребни и без кои фактори било неможно да се очекуваат потрајни резултати од востанието.

Понатамошна важна карактеристика на Карпошевото востание е поврзувањето на востаниците со успешното навлегување на австриската војска на Балканот, координацијата на воените акции на востаниците со воените операции на австриската војска и утврдувањето на извесни елементи на соработка, врз која база Карпош зел најактивно учество во борбата против Турците,мобилизирајќи го речиси целото население од Северна Македонија (селаните, селаните — рудари и граѓанството). Врз база на утврдените елементи за соработката помеѓу австриската војска и востаниците, Карпош испратил една делегација во Виена, барајќи од царот знаци за кралско достоинство, што царот и го сторил, праќајќи му кралски калпак. Овој факт говори сам од себе какви сѐ планови поставувал Карпош пред востанието и кои биле неговите основни намери и идеи.

И, на крајот, огромното значење на Карпошевото востание може да се согледа и во фактот што Карпош уште од првиот ден на востанието особена важност и придавал на организацијата на војската, на вооружениот дел на народот. Уште од првиот ден главната грижа на Карпоша била од востаниците да создаде за тогашни прилики редовна војска што ќе биде во состојба да води фронтална борба, жилава борба и за подолг период и далеку од својот роден крај. Во остварувањето на оваа задача Карпош делумично успеал, но не и сосема. За одбрана на градовите формирал и еден вид команди на места.

Но и покрај сите тие обемни и одлично смислени чекори, Карпош не можел да ја издржи посилната турска сила, бил победен, а востанието најкрваво задушено.

*Т. Томоски*

## АПЕЛАТИВИ НА НАШИТЕ СРЕДНОВЕКОВНИ ГРАДОВИ

Македонија е богата со топоними за средновековните населби особено за тврдини[1]) и за населбите што се развиле околу нив. Имињата на места се разновидни по форма, а апелативот се јавува како многу раширена форма во нашите имиња. На нашиот терен, а и во литерарните споменици, меѓу другите, се сретнуваат и овие апелативи: град, градец, грат, грачани, градиште, граиште самоградиште, дворци, палатица, ќитати[2]), исар, исарлик, шаторишта, кастро, кале, калиште, пирок, јамборије[3]) и варош[4]).

Дел од наведените апелативи се зачувани и денес во називите на некои наши села како на пр.: с. Град (Делчево), с. Градец (Крива Паланка, Валандово, Виница и Жеровјани), с. Градиште (Орашец) с. Грачани (Ѓорче Петров), с. Пирок (Жеровјани)[5]), с. Калишта (Струга), с. Калиште (Врапчиште), с. Дворце (Ѓорче Петров), с. Дворци (Брод), с. Варош (Прилеп)[6]) и с. Палатица (Сараќино)[7]). Имињата на с. Заград (Брод)

---

[1]) За теренското испитување на градовите види во книгата на Миодраг Грбиќ: Основи истраживања археолошких налазишта. Београд 1953, стр. 33.

[2]) Топонимот се наоѓа во близината на Крушово и го употребуваат тамошните Власи. Во Албанија постои топоним ќütet-i (Види: А. М. Селищев, Славянское население в Албании. София 1931, стр. 259). Според А. Дероко на Космет се наоѓа топоним ћутет (Види: А. Д., Средњевековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији. Београд 1950, стр. 175).

[3]) Топонимот е забележен кај с. Коџаџик. Според Б. Русиќ името е изведено од турските зборови јан и бори и значи крива труба (Види: Б. Русиќ, Жупа Дебарска. Скопје 1957, стр. 73). Меѓутоа зборот се споменува уште пред идењето на Турците во повелбата на Душана за манастирот Хиландар. Таму стои: оу градоу Щипоу, оу ямбор(ью) (Види: Споменик III, СКА Београд 1890, стр. 26).

[4]) Апелативите паланка и сарај се од турско време и поради тоа не се земени предвид во ова статија.

[5]) Радослав Грујиќ го објаснува потеклото на топонимот Пирок со грчкиот збор Пиргос што значи кула (Види: Р. Г., Полошко - Тетовска епархија и манастир Лешак, Гласник Скопског научног друштва XII. Скопље 1933, стр. 37).

[6]) За значењето и употребата на зборот види ја статијата на П. Скок, Из топономастике Јужне Србије. Гласник СНД XII, стр. 196. За употребата на зборот варош во XV век види кај Иван Божиќ, Доходак царски. Београд 1956, стр. 5. Освен тоа апелативот варош се сретнува како назив во Скопје, Кичево, Охрид и Штип. Во XIV век место варош се употребувало „под град" (Види кај Данило, Животи краљева и архиепископа српских. Београд 1935, стр. 36), „подьградие (Види: Стојан Новаковиќ, Законски споменици српских држава средњега века. Београд 1912, стр. 402) и јамбор(ије). Задново име Ј. Иванов правилно го изведува од Ἐμπορία, ἐμπόριον (Види Й. И., Епархиитѣ въ Охридската архиепископия прѣзъ началото на XI в. Списание на Българската академия на наукитѣ кн. I. София 1911, стр. 102). Впрочем, ваквото објаснување го потврдуваат наведените примери за штипското подградие и јамборија. Имено, тоа е словенско и грчко име за еден ист локалитет во Штип. Секако од апелативот јамборија се изведени и имињата на селата Боря (кај Корча) и Ембори (Леринско). Во врска со ова види кај А. Селищев, н. т., стр. 323 и 324.

[7]) Имињата на селата се наведени според: Imenik mesta, II izdanje. Beograd 1960.